0307-04-1/393
29.05.18

0307-485
18.05.18

# ДОГОВОР

Склучен на ден 18.05 2018 година помеѓу:

1. **МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје**, со седиште на ул. „16-та Македонска бригада" бр. 18, Гази Баба 1000 Скопје, со ЕМБС: 5166250 и ЕДБ: 4030997338244, застапувано од Генералниот директор – Извршен член на Одбор на директори Иван Бановски од Скопје со ЕМБГ: 3011968480009 и од Извршниот член на Одборот на директори и Директор на Економика Петар Јанески од Скопје со ЕМБГ: 2710985450123 (во понатамошниот текст: Продавач), од една страна и
2. **ЕКО ЦИРКОН ДОО Скопје**, со седиште на ул. "840" бр. 16, Маџари 1000 Скопје, со ЕМБС: 5226252 и ЕДБ: 4030998354936, застапувано од Управителот Златко Ангелески од Скопје со ЕМБГ: 1507970450115 (во понатамошниот текст: Купувач), од друга страна.

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е купопродажба на електричен и електронски отпад со шифра 20 01 36, односно компјутери, монитори, принтери, тастатури, мобилни телефони, алармни модули, половни телевизори, картици од компјутери и друга ИТ опрема во количина од 500 кг. Цената за купопродажба на горенаведениот електричен и електронски отпад изнесува г плус ДДВ.

Испратницата ќе биде составен дел од Договорот, а на испратницата ќе биде прикачена спецификацијата што е предмет на утовар.

**Права и обврски**

**Член 2**

Плаќањето купувачот го извршува врз основа на фактура, потпишана од двете договорни страни. Купувачот е должен да му исплати на продавачот непосредно пред испораката 100% износ наведен во про- фактурата

Купувачот е должен на своја сметка (транспорт) електричниот и електронскиот отпад да го преземе од погоните на МАКСТИЛ АД Скопје и тоа од погон Челичарница и од погон ВДЛ.

**Член 3**

Договорот стапува на сила од денот на негово потпишување, а предвиден рок за целосна испорака е една недела.

Со потпишувањето на Договорот, Купувачот потврдува дека ги има сите потребни лиценци/дозволи за вршење на дејноста откупување на електричен и електронски отпад.

Со потпишувањето на овој Договор, Купувачот потврдува дека е согласен доколку дојде до изрекување на било какви казни кон Продавачот поради фактот што истиот не поседувал потребни лиценци/дозволи за вршење на дејноста со која што се занимава, истите целосно да му ги надомести на Продавачот.

**Член 4**

Договорот е составен во 4 (четири) еднакви примероци од по две (2) страни. Секоја страна задржува по еден примерок од Договорот, а останатите 2 (два) примероци се за службена употреба.

**ПРОДАВАЧ**

**МАКСТИЛ А.Д. - СКОПЈЕ**

**Иван Бановски**

______________________

**Петар Јанески**

______________________

**КУПУВАЧ**

**ЕКО ЦИРКОН ДОО Скопје**

**Златко Ангелески**

______________________